Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 54 / 1
17.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## Член 1

Се усвојуваат измените на Општите услови за доброволно здравствено осигурување бр.2020/0202-205 од 30.12.2020 година .

## Член 2

1. Во точка 1 од член 1 се менуваат зборовите *УНИКА А.Д.Скопје* и истите во иднина ќе гласат *СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје* .
2. Во точка 3 став 1 од член 1 се менуваат зборовите *УНИКА А.Д.Скопје* и истите во иднина ќе гласат *СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје* .
3. Во точка 10 од член 9 се менуваат зборовите *УНИКА А.Д.Скопје* и истите во иднина ќе гласат *СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје* .
4. Во точка 17 од член 10 се менуваат зборовите *УНИКА А.Д.Скопје* и истите во иднина ќе гласат *СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје* .
5. Во точка (1) алинеја 4 од член 19 , се менува меил адресата, односно зборовите *info@uniqa.mk* и истите во иднина ќе гласат *info@sigal.com.mk* .
6. Во точка (1) алинеја 2 од член 26 , се менува меил адресата, односно зборовите *info@uniqa.mk* и истите во иднина ќе гласат *info@sigal.com.mk* .
7. Се менува член 19 точка 10 и истата во иднина гласи :

   *Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .*
   *Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот .*

8. Се менува член 19 точка 11 и истата во иднина гласи :

   *Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи.*

9. Член 28 се дополнува со нов став, кој гласи :

*Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.*

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година .

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување .
Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети, дефинирање на застарувањето на побарувањата и дефинирање на надлежен суд .

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Ануш Азизи

Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција
Сектор за правни работи